

# Логорите на островите Голи Оток и Свети Гргур

## во пишаните извори и биографии на сведоците од времето

| | |
|---|---|
| Теми: | Општествени промени по Втората светска војна: социјалистичка Македонија во втората југословенска држава (ДФЈ, ФНРЈ, СФРЈ): репресија и злосторства во повоениот период; политичкото насилство во Југославија |
| Целна група: | 4. година во средните училишта и гимназии; групи на млади во неформалното образование |
| Време на реализација: | 45 или 90 минути |
| Поврзаност со училишниот предмет: | Историја, Географија, Граѓанско образование |
| Резултати: | Учениците/-чките ќе бидат способни:<br>● да ги наведат причините за формирањето на логорите на Голи Оток и на Свети Гргур<br>● да објаснат зошто луѓето биле затворани во тие логори<br>● да анализираат пишани извори, биографии и сведоштва на логораши и описи на локации на Голи Оток<br>● критички да го проценуваат односот кон логорашите за време на престојот на Голи Оток и на Свети Гргур, како и нивниот третман по ослободувањето<br>● да развиваат сопствен став за важноста и за влијанието на логорите на Голи Оток и на Свети Гргур врз југословенското општество |
| Методи: | Работа во двојки, предавања, разговори, расправи, работа со пишани извори, групна работа |
| Активности: | Учениците/-чките во двојки, според распоредот на седење (или самостојно), ќе го повторуваат дотогаш наученото четиво, пред сè фокусирајќи се врз воспоставувањето на власта во Југославија при крајот и непосредно по Втората светска војна, врз нејзината положба во однос на СССР и на Западот во тој момент, врз политичките и економските мерки што се воведени и врз општата состојба во |

државата и во општеството по војната. Најважните одговори ги запишуваат во бележници.
**(5 мин.)**

Наставникот/-чката ја најавува новата наставна единица
**(1 мин.)**

**ВОВЕД ВО НАСТАВНАТА ТЕМА НА ЧЕТИРИ ПОНУДЕНИ НАЧИНИ:**

## Опција 1:

Наставникот/-чката преку методи на усно излагање, разговор, дискусии и користење различни извори им ги објаснува на учениците настаните поврзани со донесувањето на Резолуцијата на Информбирото, како таа се одразила врз Југославија, причините за настанувањето на логорите на Голи Оток и на Свети Гргур и причините за одведувањето луѓе во тие логори **(10 мин.)**

## Опција 2:

Учениците/-чките самостојно читаат од страницата и ги запишуваат најважните податоци од трите поглавја за историјата на Голи Оток, за да се запознаат со историскиот контекст и со функционирањето на логорите. **(10 мин.)**

Откако сите ученици ги прочитале текстовите и ги запишале најважните информации, преку разговор и неколку поставени прашања би можело да се провери нивното разбирање за прочитаното. Доколку е потребно, нејаснотиите треба дополнително да се објаснат **(10 мин.)**

## Опција 3:

Наставникот/-чката на табла ја проектира сликата на Голи Оток и поставува прашање: Што гледате, кој е овој остров? Учениците ги даваат можните одговори. Наставникот кажува дека станува збор за Голи Оток и прашува што учеле досега за тој остров. Учениците ги изнесуваат своите мислења. Наставникот/-чката понатаму кажува дека тема на денешниот час ќе биде логорот на Голи Оток и во неколку реченици го претставува редоследот на денешниот час.

Наставникот ја отвора веб-страницата www.goli-otok.net и кажува дека таа ќе биде извор на информации за денешниот наставен блок **(10 мин.)**

### Опција 4:

Наставникот ја најавува темата Голи Оток и ја претставува веб-страницата www.goli-otok.net. Наставникот изработил хартиени ливчиња со поими (Резолуција на Информбирото, Реакции на Резолуцијата во Југославија, Реакција на Сталин за Резолуцијата, Основање и функционирање на Голи Оток, „Ибеовци“ итн.). Учениците влечат ливче и ако знаат нешто за тој поим, го кажуваат тоа, доколку не знаат ништо, тогаш наставникот го толкува поимот. (10 мин.)

Информации и личности кои треба да се спомнат:

- Резолуција на Информбирото
- Реакции на Резолуцијата во Југославија (страв од воен судир, колективизација, страв од внатрешни превирања...)
- Реакција на СССР и на Сталин за Резолуцијата (изолација на Југославија, настаните во Унгарија и другите соседни држави...)
- Основање и функционирање на Голи Оток и на Свети Гргур
- „Ибеовци“ – причините зошто луѓето биле затворани, како и условите во логорите

# ОБРАБОТКА НА НАСТАВНАТА ЕДИНИЦА НА ТРИ ПРЕДЛОЖЕНИ НАЧИНИ:

Откако се објаснети најважните поими и процеси важни за настанокот и за работата на логорите Голи Оток и Свети Гргур, наставникот/-чката може да одбере една до две опции за групна работа. Во тој случај, времетраењето на една единица е 45 минути. Втора опција е наставникот/-чката да одлучи со учениците/-чките да ги работи двете

задачи за групна работа. Во тој случај, за обработка на единицата би биле потребни два школски часа, односно 90 минути. Тогаш овде предложеното траење на групната работа и презентација би можело да се продолжи и приспособи кон блок-час.

## Опција 1.

Наставникот/-чката ги дели учениците/-чките во групи од по 4-5 ученици. На секоја група ѝ задава по една локација од виртуелниот водич на логорот. Доколку нема доволно групи за сите локации, учениците сами одбираат локации кои ним им се најзанимливи и кои би сакале дополнително да ги истражат. Откако го направиле изборот, се договараат со другите групи, за да бидат сигурни дека истражуваат различни локации.

Користејќи таблети/мобилни телефони учениците/-чките ѝ пристапуваат на веб-страницата и ги читаат текстовите за зададената локација. Исто така, преку интернет истражуваат за дополнителни информации за својата локација.

Прашања на коишто би требало да одговорат:

1. Во кој период настанала/е изградена локацијата?
2. За што служела за време на постоењето на логорот?
3. Како ја доживувале логорашите?
4. Дали денес на островот постои таа локација? **(10 мин)**

Откако истекло зададеното време, секоја група им презентира на учениците/ученичките што дознале за својата локација. На тој начин сите ученици/-чки ќе се запознаат со сите локации на островот. **(15 мин)**

Откако сите групи ги презентирале своите локации, преку дискусија, наставникот/-чката може да ги насочи учениците/-чките кон заклучок за сите презентации. **(5 мин.)**

1. Какви биле условите за живот на логорашите на Голи Оток и на Свети Гргур? Како изгледал нивниот секојдневен живот во логорот?
2. Според вас, што било најшокантното за животот на логорашите на Голи Оток? Објаснете зошто!
3. Што мислите, зошто ваков работен логор не е возможно денес да се воспостави во Северна Македонија?

## ОПЦИЈА 2.

Предлог 1:
Наставникот ги дели учениците/-чките во групи од по 4-5 ученици/-чки и на секоја група ѝ задава задача да прочита по една биографија од логорашите од Голи Оток и Свети Гргур, а по читањето да одговорат на следните прашања: **(10 мин.)**

1. Каде е роден логорашот за кого сте читале (етничка припадност)?
2. Што работел/-а пред /за време/непосредно по Втората светска војна?
3. Зошто бил/-а одведен/-а на Голи Оток/Свети Гргур?
4. Како е третиран/-а по ослободувањето од логорот?

По истекот на зададеното време, учениците/-чките го презентираат својот сведок, со фокус врз поставените прашања. Секоја група ги презентира своите одговори и други информации за сведокот, доколку сметаат дека нешто важно не е покриено во прашањата. **(15 мин.)**

Откако сите групи ги презентирале своите одговори, преку дискусија, сите ученици/-чки одговараат на следните прашања. Тие се заклучок на претходните активности, т.е. треба да ги насочи учениците/-чките сами да донесат заклучок за разноликоста на сведоците и на нивните искуства во логорот и по него. **(5 мин.)**

1. Што сте забележале од претходните презентации, кои биле логорашите на Голи Оток и на Свети Гргур? Можеме ли да зборуваме за нив како хомогена група на луѓе со заедничка идеологија и политичка програма?

## ОПЦИЈА 3:

На учениците им се задава следната задача, по што во двојки или во помали групи одбираат една биографија и пишуваат статија за него.

Вие сте внук/-а на еден од логорашите од Голи Оток и по занимање сте новинар/-ка од познат дневен весник. Замолени сте да напишете статија за вашата баба или дедо по повод годишнина од доаѓањето на логорашите на Голи Оток. Статијата треба да има максимум 400 зборови.
**(30 мин.)**

На крајот, статиите се читаат во помали групи.
**(15 мин.)**

**ЗАКЛУЧОК:**

Учениците самостојно читаат поглавје од страницата Голи Оток под наслов „Голи Оток во современата хрватска култура на сеќавањето“ и одговараат на следните прашања:

Прашање:
1. Дали денес во македонското општество се сеќаваме на Голи Оток или е тој заборавен? Објасни го својот одговор.

Во случај да недостига време, оваа задача може да биде и домашна работа.

| | |
|---|---|
| Материјали и опрема: | Компјутер и проектор, мобилен телефон/таблет или испечатени биографии на сведоци, тетратки |



**Белешки:**

Автор: Тена Бањеглав, наставник по историја
Образовните материјали изработени се во рамките на проектот
„ГОЛИ ОТОК - Виртуелен водич за историјата на логорот".

Сите материјали се достапни на страницата
https://goli-otok.net/

Препорачан избор на биографии :

1) Ѓина Маркуш
2) Жени Лебл
3) Ева Грлиќ
4) Петар Комнениќ
5) Кадри Халими
6) Панко Брашнаров

DOCUMENTA
CENTAR ZA SUOČAVANJE S PROŠLOŠĆU
FRIEDRICH EBERT STIFTUNG
SOE Dialog Südosteuropa